Митко КОТОВЧЕВСКИ

# ТЕОРИИ И ДОКТРИНИ НА СОВРЕМЕНИТЕ ОГРАНИЧЕНИ (ЛОКАЛНИ) ВОЈНИ ДО РАСПАДОТ НА СССР

## I. Генезата на учењето за ограничените војни

Поимот ограничена војна се јавува уште во класичната воена теорија, во расправите на голем број теоретичари и стратези, меѓутоа не како целосна теоретска мисла, туку како интересна и инвентивна идеја врз која се потпираат голем број современи воени теоретичари и творци на современите воени доктрини и стратегии.

Еден од водечките теоретичари на класичната воена школа Карл Фон Клаузевиц ја разгледувал и проблематиката на ограничените војни. Неговото учење не било правилно толкувано ни во неговото време, ни денес, што на некои "теоретичари", а уште повеќе на креаторите на воените стратегии им послужило како параван на некои воинствени (агресивни) стратегиски концепции.

Ограничената војна Клаузивиц ја лоцирал во својата општа и сеопфатна теорија за војната, посебно во расправите за односот помеѓу политиката и стратегијата. Клаузевиц сметал дека природата на војната е двојна - апсолутна (кога станува збор за науката) и реална (кога станува збор за практиката). Кога ја разгледува стретегијата во смисла на наука за војната, односно војната како средство на сила, за да би се уништил противникот, тогаш според Клаузевиц нема ограничувања (апсолутна војна). Тоа претставува војна со својот чист или теоретски ѕид, односно таа е војна "без начела на умереност", односно вооружен судир како "гол начин на насилство", војна која се стреми кон својата тоталност или "совршеност" како најголема можна примена на силата.

Но ако се работи за стретегија како применета наука (како за практика во реалните услови на животот и конкретниот однос на

силите), тогаш војната е подредена на надворешните, пред сè политички цели, а тие претставуваат и мерка за насилство што треба да се примени спрема противникот за да би се остварила воената цел. Војната во таа смисла е подложна на ограничувања, кои се условени од повеќе фактори што ги наметнува животот (политичките цели, противникот, односот на силите, борбените средства итн.). Клаузевиц сметал дека во основа, постојат два видови војна. Првиот вид е општа ("права") војна, чија цел е радикална (целосен пораз на противникот, кршење на неговата волја со воена сила, да се оневозможи за било каков отпор и да се присили на покорност).

Другиот вид е ограничената војна, чија цел се ограничува на освојување на сразмерно помала територија по должината на границата што би послужило како средство за притисок во понатамошните преговори или создавање поволни услови за водење воени операции итн. Крајната цел во органичената војна не се состои во дефинитивната победа или пораз во војната, бидејќи противничката страна уште располага со вооружени сили и со решеност со победникот да "бара решение" за завршување на војната. За Клаузевиц, ограничената војна е ограничена само во целта на војната (политичките барања), но не е ограничена што се однесува до просторот, времето и средствата. По тоа тој се разликува од современото поимање на ограничената војна.

Меѓутоа на друго место Клаузевиц констатирал дека ограничената војна, исто така е "чин на сила со цел противникот да се принуди да се покорува на повисоката сила".[1] Причината и суштината на војната се секогаш исти, па според тоа не постои неприкосновена граница помеѓу општата и ограничената војна. Не постојат препораки ограничената војна да прерасне во општа и обратно. Од тоа јасно произлегува дека Клаузевиц не ја сметал ограничената војна како посебно специфична појава, туку како една од можностите за остварување на политичките цели, односно дека таквиот вид војна е погодна во следните случаи:

а) Кога политичката затегнатост е сразмерно слаба;

б) Кога политичките цели на војната на соодветен начин се мали;

в) Кога средствата на војната не се во сооднос со нивната цел.

Исто така, значајно е да се спомене дека за Клаузевиц народните и партизанските војни претставуваат своевиден вид на ограничени војни, бидејќи значат оригинална примена на сила, војни кои се водат во посебни историски услови. Општата војна за него е редовна појава, а ограничената војна (партизанска и народна) пропратна и посебна, што е и логично расудување за тоа време. И денес, овие размислувања на Клаузевиц, на Запад, посебно во САД се разгледуваат, но недоволно

---

1 Клаузевиц, Карл Фон: О рату, ВИЗ, Београд, 1951 г. стр 43.

прецизно формулирани и свесно манипулирани (посебно околу примената на нуклеарното оружје). Покрај Клаузевиц и Жомини, Алфред Махан (1840 - 1914) и Џулио Дует (1869 - 1930), во целината на своите дела ги опфаќаат и проблемите на ограничената војна.

## II. Ограничената (локалната) војна во теоријата на САД

По Втората светска војна, американската воена мисла и дело почнуваат поинтензивно да се занимаваат со проблемите на локалните и ограничените војни и со анализа на нивните теоретски и доктринарни основи. Врз основа на тие проучувања ограничените и локалните војни се формулирани во првата повоена званична воена доктрина како посебен вид војна.

Суштината на првата повоена американска воена доктрина на "масовна одмазда" во периодот на студената војна се засновува на политиката на запречување, односно политика за создавање цврст обрач со кој би се спречила "експанзијата на комунистичките диверзии". Таа била изразена во ставот дека САД треба да бидат способни да го заплашат и да го одвратат противникот, во прв ред Советскиот Сојуз, од војна, посебно од светски димензии (нуклеарна одмазда) и да ги спречат ослободителните и револуционерните движења за кои процениле дека се дело на комунистичката експанзија на Советскиот Сојуз и НР Кина. Тоа всушност претставува доктрина на една и пол војна (светска + локална војна). Како нова и неоколонијална голема сила, создаваат воена доктрина во која локалните војни постануваат значајно средство за остварување на глобалните политички и стратегиски цели.

Со доктрината на "масовната одмазда" и со локалните војни не можеле да се запрат ослободителните и револуционерните движења, бидејќи тие претставуваат плод на објективни општествени движења, а не резултат на "комунистичката субверзија". На историската сцена се одвива незадржлив процес на историско будење на народите и на експлоатираните маси, кои ја отпочнуваат историската борба за национално и социјално ослободување. Настапува големото историско будење на народите, што на светско, планетарно ниво се одвива преку процесот на деколонизација (антиколонијална револуција).

Врз основа на критичка анализа на севкупните меѓународни движења и процеси и на доктрината на "масовна одмазда", во САД во шеесеттите години е усвоена нова воена доктрина на "еластичен одговор". Основните идејни, политички и военостратегиски детерминанти на новата воена доктрина остануваат и понатаму непроменети, се менуваат само формите, односно се бараат подобри, поеластични и флексибилни воено-политички, доктринарни и стратегиски решенија.

Целта била остварување на американските глобални политички и военостратегиски интереси, посебно за Азија и Африка, без ризик од директна конфронтација, посебно на ниво на светска ракетно-нуклеарна војна со Советскиот Сојуз, кој веќе постанал рамноправен партнер во нуклеарната моќ, што морало да се респектира.

Средство за остварување на политичките и геостратегиските цели претставуваат ограничените војни, за што требало да се обезбедат и соодветни сили. Од оваа доктрина произлегува и ставот дека американскиот континент е неприкосновен за воени дејствија, а останатите пространства, посебно оние во земјите на т.н. трет свет, остануваат подрачја за локални и регионални војни. Европа сеуште се чувствува безбедна под американскиот "нуклеарен чадор". Ограничените војни за САД се реалност, во нив може да учествуваат, но конфронтирањата со СССР и Кина треба да бидат контролирани од ризик од непосреден вооружен судир.

Со воениот пораз на САД во Виетнам, оваа воена доктрина брзо ги покажува своите слабости, бидејќи и таа не ги почитува општествено - економските, политичките и военостратегиските промени што настануваат во светот (јакнењето на политиката на активна и мирољубива коегзистенција, движењето на неврзаните, економско - политичката сила и консолидација во Европа, понатамошното јакнење на воената моќ и влијание на СССР итн.).

Се усвојува доктрината на "реалистично одвраќање", која не запоставувајќи ги основните премиси на американската политика и стратегија, го нагласува значењето на политичките, економските и другите мерки, истакнувајќи го сојузништвото во рамките на НАТО и на планот на билатералната соработка во останатите краеви на светот, заради создавање широк фронт на собирање во одбрана на "слободниот свет". При тоа се истакнува подготвеноста за преговарање, за разлика од другите стратегии кои се потпираат на спротиставување, со што започнува периодот на детантот.

Стратегијата на одвраќање, во еден дел треба да се потрпе и на конвенционалното оружје, со цел да се намали можноста од општата нуклеарна војна. На тие идеи понатаму се развива американската доктрина на ограничена (limited) војна. Од теоријата на Роберт Макнамара (американски политичар, државник и теоретичар), кој најдлабоко проникна во суштината на ограничената војна, во американската политичка и стратегиска смисла остана поставката за нужноста на ограничувањето на современата војна.

Наместо поранешната поделба на студена, локална (ограничена) и светска војна, доктрината на "реалистично одвраќање" ѝ отстапува

место на пофлексибилната поделба - на локална, ограничена и општа нуклеарна војна.

За нас е посебно интересен односот помеѓу локалната и ограничената војна, бидејќи станува збор за суштинска промена во која се дава предност на ограничената војна. Таа нуди поголем број опции, односно непосредно ангажирање на американските вооружени сили.

"Локалната војна го изгуби поранешното значење и се сведе на посредна помош на сојузничката земја (економска, политичка, дипломатска, воена и слично) но без непосредно ангажирање на американските вооружени сили за борбените дејствија. Облиците од кои се јавува локалната војна се политичките субверзии (специјална војна), побуни, востанија и герилска војна, со која САД би настојувале да ги остварат своите цели.

Ограничената војна нуди поголем број опции (со конвенционалните и со нуклеарните сили наменети за војувалиштето), во зависност од интересите и можностите за ангажирање на американските и вооружените сили на сојузниците, а и од степенот на ризикот од директниот вооружен судир со СССР и од неговата ескалација".[2]

Според дефиницијата на Американскиот здружен генералштаб, ограничената војна е "вооружен судир, надвор од категоријата на општа војна и инцидент, кој опфаќа отворено ангажирање на воени сили и средства на две или повеќе земји".[3]

Според тоа, таа војна може да биде ограничена и во поглед на ангажираните сили и средства, бројот на завојуваните држави и просторот. Што е најважно, се предвидува и употреба на тактичко нуклеарно оружје. Тоа претставува негова квалитативна граница, битна карактеристика и разлика од локалната војна. Врз тие основи продолжува понатаму да се развива концепцијата и доктрината и на ограничената војна.

Бидејќи не се остварени предвидувањата и барањата на доктрината на "реалистично одвраќање" (не се запрени процесите за политичка самостојност и еманципација на новоослободените земји и голем број други фактори што ја "одвраќаа" таа да биде успешна), таа е подложена на сериозна критика и на барања за промена. Најголем "грев" ѝ е припишуван заради наводното заостанување зад СССР чии воени потенцијали значително се зголемени, како и неговото присуство и влијание на "многу нови светски подрачја".

Од таквата критичка анализа настанува "новата" доктрина на "глобална одмазда", односно директна конфронтација (чиј одлучен

2 Вучиниќ Михајло: Ограничени ратови, ВИНЦ, Београд, 1987 г., стр 32.

3. Војно дело, 1/71, стр. 130

заговорник бил американскиот претседател Роналд Реган). Со оваа доктрина, всушност се одразува континуитетот на поранешните доктрини во поглед на одлучувачката улога на воената сила и водечката улога на САД, но со уште понагласени офанзивни, одлучни, милитантни методи за нивната реализација. Се бара промена на односот во силите спрема СССР во своја корист, поголемо вклучување на сојузниците на НАТО во воените напори, оспособување на силите да остварат победа во секоја војна во која би можеле да се најдат САД. Посебно внимание им се посветува на силите за брза воена интервенција, со цел да се заштитат нивните интереси во кои САД немаат развиено инфраструктура или сили во непосредна близина.

Поранешната политичка платформа е дополнета со барањето за истиснување на Советскиот Сојуз од земјите каде што има обезбедено свое влијание и присуство со помош на воена сила, односно да се "запре понатамошната ескалација на советската контрола и воената присутност и да се присили СССР да се повлече од оние земји, како што е Авганистан, во кои го наметна и го одржува присуството и контролата со помош на вооружените сили".[4]

За остварување на "радикални цели" било потребно враќање на воената моќ на САД и постанување "појак партнер". Голем дел од овие цели денес се остварени (одговорот би барал поширок простор), но повеќе како резултат на новата меѓународна клима на попуштање и доверба во светот, отколку како резултат на силата на оваа "нова доктрина", која исто така, новото време брзо ќе ја надмине.,

Од гледиштето на доктрината на ограничена војна е прифатена концепцијата за "воздушно-копнена битка". Оваа битка има оперативно-тактички карактер и предвидува употреба на американските воени сили во оние подрачја и ситуации за кои ќе се процени дека се загрозени нивните интереси и дека треба да се интервенира со воени сили. За Европа била предвидена посебна варијанта на таа концепција под називот "напад на силите кои следат" со оперативно-стратегиски карактер. Кога се работи за плановите на НАТО за "одбрана" на Европа не се исклучува можноста и од употреба на нуклеарно оружје.

Исто така, во рамките на веќе споменатата Реганова политика на "неоглобализам и зауздување на Советскиот Сојуз на периферните војувалишта", на воен план е усвоен "нов" концепт "судир на низок интензитет", како значаен елемент во американската доктрина за ограничената војна (што во практиката е приеменет повеќе пати - во Либан, Либија, Никарагва, Салвадор, Гренада и во најново време на Филипините).

---

4 Caspar Weinberger: Anual 1 Raport to the Kongres, Fisca 1 Wear, 1984, page 52

Наменет е за земјите од т.н. трет свет, а новина е тоа што покрај познатите начини на интервенции (антиреволуционерни противгерилски дејствија и војни, а и помош од антикомунистичките сили - противвостаничките дејствија), овој концепт добива и нова содржина - борба против тероризмот. Тоа вклучува и удари на центрите на тероризмот во земјите каде што, според американските проценки, се наоѓаат и се оспособуваат терористичките групи. За реализација на овие цели се предвидуваат и удари на авијацијата и ракетните единици (воздушниот удар на Либија претставува практична демонстрација на тој концепт).

Овој концепт е неприфатлив за сите земји во светот, дури и за сојузниците на САД, бидејќи претставува огромна закана за безбедноста и мирот во светот. САД сеуште не се откажале од овој концепт (најновата интервенција во Филипините), но сметаме дека и овој "радикален" концепт во иднина ќе претрпи радикални и сериозни промени (настапуваат промени во надворешната политика на СССР, Варшавскиот договор фактички веќе не постои итн).

Наместо заклучок може да се потенцира дека поимот "ограничена војна" е многу покомплексен и посеопфатен од поимот "локална војна". Тие првенствено се условени од логиката на секоја воена доктрина која треба да го одрази оптимумот помеѓу политичките цели и ангажираните воени средства, односно целта е со помал квантум на ангажирани воени сили да се постигнат максимум политички цели, врз основа на политичката проценка.

Ни една воена техника и оружје сами за себе не ја водат војната, туку желбата на луѓето изразена во политичките интереси, што во суштина ја детерминира и одговорноста на политиката.

"Прво, современиот поим за "ограничена војна" е врзан за видот на војна во современата класификација на војните; второ, тој поим значи и принцип на ограничување, чие гносеолошко исходиште проникнува дури во почетокот на утврдувањето на воените поими и се протега сè до денешно време. Поимот "ограничена војна" настанува како антитеза на поимот "светска - тотална - неограничена" војна. "Современиот поим на "ограничена војна" настанува кога нуклеарното оружје суштински го променува сознанието за реалните можности и катастрофалните последици од употребата на таквото оружје, од една страна, и бидејќи со поимот "локална војна" не можат да се изразат сите карактеристики и димензии на војните кои се водени по Втората светска војна и кои и денес се водат, од друга страна".[5]

5 Вучинић, Михајло: цит. дело, стр. 36 - 37

## III. Ограничената (локалната) војна во теоријата и доктрината на Советскиот Сојуз

Советската воена наука во првите години по Втората светска војна не обрнува соодветно внимание на доктрината на локалните војни. Покрај другите фактори, доминантен бил и догматскиот, сталинистички став на советското политичко и воено раководство спрема ослободителните движења и војни кои ги подредуваат на своите големодржавни и глобални политички и военостратегиски интереси.

"Ослободителните и антиколонијалните *движења* за него (се мисли на СССР - подвлекол М.К.) не беа нова самостојна револуционерна сила, туку *исклучиво "резерва" на социјалистичката револуција.* "[6] Со други зборови, тие претставувале средство на големодржавната, блоковска политика и глобална стратегија. Советската политика и воена теорија и доктрина за локалните и ограничените војни се движела секогаш зад американската, која ја имала иницијативата, покажувала повеќе еластичност и реалност. Советската воена доктрина повеќе се исцрпувала со критиките и нападите на американските ставови за овие прашања, додека американската теорија и воена доктрина побрзо ги користеле воените искуства на своите сојузници кои воделе војна против ослободителните и револуционерните движења, а посебно оние искуства што самите ги стекнувале учествувајќи во војните со Кореја и Виетнам, во воените интервенции во Конго, Доминиканската Република, Либан итн.

Поаѓајќи од карактерот на војната, советската военотеоретска мисла и доктрина (сосема ограничено и едноставно), според Соколовски (советски маршал, воен теоретичар, писател и истакнат командант) сметала дека се можни следните војни:

а) Војна помеѓу лагерот на империјализмот и лагерот на социјализмот (судир на двата спротивни светски системи, односно светска војна на двете големи коалиции). За социјалистичките земји таа војна би била праведна и револуционерна, додека империјалистичките држави би воделе агресивна, освојувачка, неправедна војна;

б) Империјалистички војни, заради гушење на ослободителните движења, освојување или одбрана на колониите и остварување на другите агресивни цели. По својот карактер тие претставуваат освојувачки, неправедни и антинародни војни;

в) Народноослободителни, граѓански и други народни војни, насочени кон отпор на агресивните освојувачки напади на импе-

---

6 Повијест Савеза Комуниста Југославије, ИЦ "Комунист", Народна књига и рад, 1985 г., стр. 315

ријалистите, кон борба за слобода и независност на својата земја. Тоа се праведни, ослободителни и револуционерни војни.

"Империјалистичките војни и национално-ослободителните граѓански војни се мали, локални војни"[7] Така и Соколовски ја споменува локалната војна во класификацијата на војните, која првенствено има општествено - политички карактеристики.

Во понатамошните расправи за локалните војни (советската теорија и доктрина не го признаваат и не го користат поимот "ограничена војна" - посебно кога се работи за ограничена нуклеарна војна, (според нив локалните војни имаат коалиционен карактер и тенденција кон сè поголема интернационализација. Борбените дејствија првенствено би се воделе на копнените и на поморските пространства, со поддршка на авијацијата. Советскиот писател и стратег Сергеј Горшков укажувал на извонредното значење на советските поморски сили (воената и трговската морнарица) не само во евентуалната светска нуклеарна војна, туку првенствено во локалните војни. Според некои автори, СССР постанал велесила во оној момент кога постанал светска поморска сила, бидејќи со своите вооружени сили можел да биде присутен во сите региони на светот и да влијае врз политичките и геостратегиските движења.

Советските воени теоретичари и стратези не ја исклучувале можноста завојуваните страни во локалната војна да применат и нуклеарно оружје од оперативно-тактичка намена, но и тоа дека советските вооружени сили никогаш тоа први не би го направиле.

Врз основа на претходно изнесените ставови може да се извлечат основните сфаќања за локалните војни во советската воена теорија и доктрина:

а) "Современата локална војна по својата социјално-политичка суштина претставува општествено-историска појава настаната врз основните класни и други противречности и современата епоха што поприма облик на вооружен судир.

б) Локалната војна може да ја отпочнат или да ја испровоцираат владеачките кругови на империјалистичките држави заради освојување на нови, или за зацврстување на постојните економски, политички и стратегиски позиции во разни земји и региони на светот и заради гушење на народноослободителните и револуционерните движења во светот.

в) За земјата и народот кои постанале жртва на империјалистичката агресија или објект на политичките провокации и интриги, локалната војна се појавува како ослободителна праведна војна за класни, социјални и национални интереси.

---

7 Соколовски Василиј: Војна стратегија, ВИЗ, Београд, 1965 г., стр. 269 и 436

г) Со оглед на просторот и употребените средства, локалната војна е ограничена - мала војна. Во споредба со светската војна, таа може да биде ограничена од бројот на земјите учеснички во судирот, со географски определен реон на воените дејствија и по правило, се води со класични борбени средства".[8]

Во последно време, посебно во осумдесеттите години, советската воена теорија почнува да ѝ посветува поголемо внимание на проблематиката на локалните (ограничените) војни, анализирајќи ја нивната суштина, теорија, практика, искуства, посебно искуствата на воената вештина. Тежиштето било ставено на разгледувањето на локалните (ограничени) војни од конвенционален тип, додека ограничената нуклеарна војна ја разгледувала само од гледиштето на критиката на американската теорија и воена доктрина.

На американскиот предизвик и доктрината на НАТО - т.н. стратегија на длабоки удари ("напад на силите кои следат"), советската теоретска мисла и доктрина одговора со реорганизација и модернизација на вооружените сили и со изнаоѓање нов начин на нивна примена кој бил испробан на бројните вежби и маневри на силите на Варшавскиот договор.

Како одговор на американскиот воен предизвик во подрачјата надвор од Европа, советската страна (иницирана од политичкото раководство на чело со Михаил Горбачов) сè повеќе ја нагласува важноста на политичките средства, намалувањето на военото ангажирање (повлекување на своите сили од Авганистан), исто така повлекување на своите сили од источно-европските земји, но не на штета на својата политичка одговорност и влијание, како и на својата воено-стратегиска положба како рамноправен партнер на САД.

Советската политичка и друга поддршка на народите кои се борат и ја бранат својата независност, против сите закани и притисоци, поддршката на движењето на неразвиените претставува значајно охрабрување, но и искушение во светот оптоварен со тешки економски, општествени и други проблеми и со огромна концентрација на нуклеарно и конвенционално оружје - (веднаш се појавува проблемот на обединување на двете Германии, а со тоа и проблемот околу непризнавањето на границите на Полска итн.).

Советскиот Сојуз со најновите промени во својата одбранбена политика се откажа од офанзивната стратегија, односно почна да изградува одбранбена стратегија, односно и развојот на неговата воена моќ да се сведе на разумна доволност.

---

8 Вучиниќ, Михајло: цит. дело, стр. 57 - 58

КЛАСИФИКАЦИЈА НА ВОЈНИТЕ ВО АМЕРИКАНСКАТА ВОЕНА ДОКТРИНА

| Видови на можни војни (судири) | | |
|---|---|---|
| *Локални војни-судири* | *Ограничени - регионални војни* | *Нуклеарни војни* |
| 1. Политички и други субверзии (специјална војна)<br><br>2. Буни и востанија<br><br>3. Герилски војни | 1. Конвенционална војна на делот на војувалиштето (регионот)<br><br>2. Конвенционална војна на војништето | 1. Нуклеарна војна во стратегиски размери (општа војна)<br><br>2. Нуклеарна војна на дел од војувалиштето (ограничена војна) |
| Средства за водење (одвраќање на војната) | | |
| 1. Реалните можности на вооружените сили на американските сојузници<br>2. Програма на американската воена помош во вооружување и финансиски средства<br><br>3. Директна поддршка на американските вооружени сили | 1. Силите за општа намена на сите три видови на американските вооружени сили | 1. Стратегиско нуклеарни сили<br><br>2. Нуклеарни сили наменети на војувалиштето (војништето) |

| Видови на современи војни[9] | |
|---|---|
| *Општествено-политичка класфикација* | *Воена класификација* |
| 1. Војни помеѓу земјите со спротивни општествени системи<br><br>А. Општа нуклеарна војна помеѓу коалиции на држави на двата општествени системи<br><br>Б. Локални војни на империјалистите против една или неколку социјалистички земји | 1. Општа (светска) војна<br><br>А. Ракетно - нуклеарна<br><br>Б. Конвенционална |
| 2. Граѓански војни (судири во рамките на една земја)<br><br>А. Војни помеѓу пролетеријатот и буржоазијата во борба за социјализам (револуционерни војни)<br><br>Б. Војни на народите против крајно реакционерните и диктаторски режими (ослободителни војни) | 2. Локални војни со конвенционални сили |
| 3. Војни на новоослободените држави против империјалистички интервенции | 3. Локални војни со конвенционални сили |
| 4. Војни помеѓу капиталистичките држави | 4. Локални војни со конвенционални сили |
| 5. Војни (судири) на земјите во развој околу разграничувањата | 5. Локални војни со конвенционални сили |

9 Шаворов, И: "Локални ратови и њихово место у глобалној стратегији империјализма", збирка на трудови, "Локални војни, историја и савременост", Московска Военоиздата, 1982 г.

## IV. Доктрината и военага вештина на ослободителните и одбранбените сили во локалните војни

Суштината на воената доктрина на ослободителните, револуционерните и одбранбените војни произлегува од политичките цели кои непосредно се поврзуваат и реализираат со политичка и воена борба. Воената вештина на вооружените сили постанува воена вештина на целиот народ. Се отпочнува со герилски акции кои постепено еволуираат во револуционерна, партизанска и народна војна.

Тоа претставува општа законитост и основна карактеристика на доктрината на народната војна, која непрекинато се развива, дава нови сознанија и внесува промени во организацијата на вооружените сили и во воената вештина.

Основните доктринарни начела кои се потврдени во бројните револуционерни и ослободителни војни по Втората светска војна се изразуваат преку јасната политичка платформа, успешното комбинирање на вооружената и политичката борба со идеолошко-политичка и агитациона работа во масите, воената вештина заснована на теоријата и практиката, со мобилизација на народните маси и материјалните извори, потпирањето врз сопствените сили и материјалните богатства итн. Врз таквите основи се создава автентична воена вештина која го користи богатото наследство, теоретските сознанија и искуствата на "класичната" доктрина, но ја потврдува својата оригиналност и индивидуалност во секоја конкретна земја, регион и континент. Со тоа се збогатува светската ризница на сознанија и искуства за успешното водење на народната војна и се зголемува вербата во сопствените можности кај малите и средните народи, кои постануваат "големи" кога се борат за одбрана на својата слобода и независност.

Од богатата ризница на воени искуства од поранешните ослободителни и револуционерни движења, сознанијата и практиката на современите војни ќе се обидеме да направиме синтеза на тоа што е најзначајно, заедничко, автентично и трајно вградено во воената наука, посебно во теоријата на воената вештина:

*Прво:* Во ослободителните и револуционерните војни вооружените сили и народот успешно се спротиставувале и ги победувале воените формации на сите агресори и регуларните единици на сопствените реакционерни режими, применувајќи ги формите и методите на партизанската и комбинираната војна.

*Второ:* Доминантната и одлучувачка улога на човечкиот фактор ја претставува суштината на општата законитост во користењето на предноста на воената вештина на ослободителните, револуционерните и на народните одбранбени војни.

*Трето:* Со учеството на народот во војната и вооружената борба, привидната бројна инфериорност во воените формации на партизанските сили постепено се претвора во надмоќност, со што се создаваат услови за континуирана иницијатива, надмоќност и офанзивност на војништето, што со вкупниот збир на успешните борби и боеви се постигнува и стратегиската надмоќ.

*Четврто:* Предноста на агресорот во квалитетот на оружјето и на борбената техника на војувалиштето се елиминира со партизанскиот начин на водење на вооружената борба - со вешто избегнување на фронталните удари на супериорните агресорови сили, со движења надвор од комуникациите, ноќе и во сложени матеоролошки услови, со дејствија на помали формациски состави итн. Целта е максимално искористување на сопствената воена техника и сите нејзини можности.

*Петто:* Времето претставува фактор на вооружената борба што како предност може да го искористи воената вештина на ослободителните, револуционерните и одбранбените сили со наметнување на долготрајна исцрпувачка војна на агресорот кој ќе настојува, по правило, војната да ја заврши што е можно најбрзо. Со тоа се руши стратегиската концепција на агресорот за "брза победа", опаѓа борбениот морал на неговите вооружени сили и почнува јасно да се назира неговиот целосен пораз.

*Шесто:* Просторот како фактор на вооружената борба, исто така, делува во корист на партизанските сили, иако условите за користење на просторот се значително изменети. Со огромниот развој на современите борбени средства и на воените формации, слободната територија повеќе не е толку сигурна како порано. Искуствата покажуваат дека за успешно изведување на воените дејствија е потребно да се користи целокупната сопствена територија (полуослободените и неослободените краишта) дури и делови на соседните држави (искуствата од НОБ, посебно од алжирската војна). Ова претставува мошне значајно искуство што оди во прилог на тврдењата дека против агресорот треба да се активираат целокупните потенцијали на целиот простор, односно дека и ридско-планинскиот простор треба да добие соодветен третман во севкупните одбранбени подготовки на земјата.

Со активирање на силите на целиот простор, агресорот ќе биде присилен непрекинато да ги менува постојните и да бара "нови" стратегиски концепции и решенија. Со тоа војната повеќе би ескалирала (што не е во негов прилог), ангажираните сили и средства би се зголемувале, а аналогно на тоа и неговите загуби на целото војувалиште, посебно во луѓе. На анализата на овие искуства (користењето на факторите на вооружената борба, посебно на човечкиот фактор и

факторот простор) им посветивме најголемо внимание од наједноставна причина бидејќи се во функција на истражуваната тема.

*Седмо:* Со вешто користење на факторите на вооружената борба се постигнува висок степен на офанзивност, еден од најважните принципи на воената вештина на ослободителните, револуционерните и општонародно-одбранбените доктрини, со што вооружената борба и другите облици на отпор добиваат нова содржина и квалитет. Значајни принципи претставуваат и активноста, упорноста, иницијативноста и изненадувањето.

*Осмо:* Во ослободителните, револуционерните и одбранбените војни, се афирмираат повеќе начини во изведувањето на борбените дејствија: партизански, фронтален и комбиниран - партизанско фронтален (најзначајни се искуствата од НОБ и кинеската револуција) што се условени од мноштво специфични фактори.

*Деветто:* Вооружените сили во ослободителните (револуционерните) војни настануваат и се развиваат во процесот на вооружената борба, од помали групи (герилски, ударни, диверзантски) и одреди од поголеми формации (баталјони, полкови, бригади), способни за изведување на најсложени операции во сите борбени, климатски и други услови.

Постои огромно богатство на конкретни организациони форми и решенија во формирањето на вооружените сили, во зависност од различните и специфичните услови на дејствување.

*Десетто:* Ослободителните, револуционерните сили и силите на народно-одбранбената војна, војната можат да ја решат во своја полза во една долготрајна војна, со примена на стратегија на исцрпување на силите на агресорот.

*Единаесетто:* Воената вештина на силите во ослободителните и револуционерните и на народните војни се определува за нападот (кој е потежок и посложен) во изборот на видовите на борбените дејствија. Со нападот се одржува иницијативата што е пресудно за успехот во борбата. Партизанските сили ги афирмираат нападните дејствија во блиска борба (изненадни удари, препади, снажни јуриши) и борба од поголемо растојание ("тактика од растојание" со успешно и инвентивно користење на ракетните фрлачи). Ако проблемите на напаѓачите во народната војна, со продолжувањето на борбените дејствија, се зголемуваат со геометриска прогресија (според познатата констатација на Енгелс, која е доста валидна) со примената на тактиката "борба од растојание", проблемите уште повеќе се зголемуваат, дури со квадратна прогресија ($2R\pi$ или $R^2\pi$).

*Дванаесетто:* Одбраната во стратегијата на ослободителните, револуционерните и одбранбените војни, исто така, поприма поголема

активност, динамичност и ефикасност (нов квалитет), со оглед на современите борбени средства, што на бранителот му даваат поголема предност во блиската борба, овозможуваат разновиден оган и големо изненадување. Во партизанското војување (одбраната не е карактеристична), сепак се афирмира но на ниво на тактика, при што, заради активноста на партизанските сили се губи границата помеѓу нападните и одбранбените дејствија.

*Тринаесетто:* Заседите во современите услови значајно се разликуваат од таквите дејствија во Втората светска војна. Прилагодувајќи се кон условите на војувалиштето и бројните современи мерки на противникот, ослободителните сили развиваат поголем број видови и начини на поставување на заседите (заседи во облик на буквата "V" и "L" фронтална заседа итн.).

*Четиринаесетто:* Револуционерните и ослободителните сили и силите на народно-одбранбената војна, изградуваат и соодветен начин на борба против непријателската авијација (активни борбени дејствија, масовни мерки на активна и пасивна заштита, до примена на мошне популарниот систем на подземни ровови).

*Петнаесетто:* Афирмација на подземната војна, односно на "четвртата димензија на војната", што не се исполува само во статичка одбрана (заштита од дејствијата од воздухот), туку подземните објекти се прилагодуваат за борба и за живот и работа (Виетнам), изразени преку "стратегијата на преживување".

*Шеснаесетто:* Револуционерните и ослободителните сили и силите на народно-одбранбената војна треба да го решаваат и проблемот на противхемиската одбрана (од хемиски, биолошки, а и метеоролошки оружја), за заштита на луѓето и војската, на животните, вегетацијата (шумите, посевите итн.).

Заради ограничените можности и средствата за заштита што сиромашните народи ги имаат (немаат), заштитата од тие средства била многу слаба и неефикасна. (Значајни се искуствата во незаштитата на шумите).

*Седумнаесетто:* Народите и вооружените сили на револуционерните, ослободителните и на народно-одбранбените војни се соочени и со борбата против агресоровите сили за специјална намена. Клуч за успех против тие сили претставува политичкото единство и моралната сила на народот и војската, одлучноста во борбата против внатрешниот непријател и сите соработници на агресорот и со примена на соодветна тактика на војската и народот.

*Осумнаесетто:* Значајно е и искуството дека степенот и начинот на ангажираноста на народот во вооружената борба зависел од

политичките цели на војната, односно од способноста на раководството да го оствари единството на народот во борбата против агресорот.

*Деветнаесетто:* Практиката на ослободителните, револуционерните и народно-одбранбените војни, односно нивните воени доктрини покажува дека организираната вооружена борба е значајна претпоставка за успех во војната, но дека и останатите начини на борба и отпор придонесуваат кон јакнењето на вооружената борба и единството на воените напори. Воеонодбранбената моќ на тие сили се мултиплицира и добива нов квалитет - станува неуништива. "Непријателот може да се победи само во народна војна. Во таква војна во која постои соработка помеѓу единиците и главните сили и локалните воени формации, помеѓу регуларната војска и партизаните, помеѓу војската и народот, помеѓу вооружените и невооружените маси"[10] - напишал Мао Цедунг.

И наместо заклучок, вредно е да се потсетиме на еден исказ на Ф. Енгелс:

"Народот кој што сака да ја освои својата независност не може да се придржува на вообичаениот начин на водење на војната. Востанија на масите, револуционерни војни, герилски одреди, насекаде, ете го единствениот метод на борба со чија помош малите нации можат да ги победат поголемите, малата војска да се спротистави на појаката и подобро организираната."

Мисли што револуционерните и ослободителните сили и силите на народно-одбранбената војна, успешно, со едно огромно богатство на форми и активности ги преточиле во револуционерната, ослободителната и народно-одбранбената воена практика.

10 Мао Цедунг: Избрана дела, кн. 4, ВИЗ, Београд, 1957 г., стр. 375

Mitko KOTOVČEVSKI

## THE MILITARY THEORYS AND DOCTRINES OF THE BETWEEN LIMITED(LOCAL) WAR TO THE COLLAPSE OF THE SOVIET UNION

(Summary)

Local wars are an instrument of achieving the global policy and military-strategic interests, i. e. an instrument of the realization of the geostrategic aims of the superpowers (mostly the USA), particularly on Asian and African soils. Local wars are supposed to be reality, but an opportunity to avoid the risk of direct confrontation of the superpowers, expeciality at the lavel of nuclear world war. In this article we also present the differences between local and limited war conflicts, through an analysis of the military doctrines of the superpowers prior to the collapse of the Soviet Union.